Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

RURAL REVIVAL

ПРОЕКТ:
**Зголемување на конкурентноста на регионалниот туризам преку поддршка на развојот на руралниот и културниот туризам во прекуграничниот регион на Бугарија и Македонија**

## РУРАЛНА ПРЕРОДБА

МАРШУТА
## ПОПЧЕВО - ВОДОЧА - ВЕЉУСА - ТРЕБИЧИНО

Оваа маршута ве води низ најубавите средновековни манастири во Источна Македонија, кои ќе ви го доближат времето на Византија. Селата Водоча и Вељуса со своите манастири долго време привлекуваат туристи од земјата и странство. Туристите кои го сакаат религиозниот туризам, оваа маршута е идеална

ЕВРОПСКА УНИЈА
Проектот е кофинансиран од Европската Унија преку ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија - Македонија



## ПОПЧЕВО

Попчево се наоѓа на 500 метри надморска височина во подножјето на планината Беласица, и е со поглед кон планините Еленица, Плавуш и Градечка планина. Селото се наоѓа десно од регионалниот пат Струмица – Валандово на 10 км од Струмица. Во непосредна близина на селото се наоѓа вештачкото езеро Водоча, кое се полни со вода од Бела Река. Селото Попчево припаѓа на Општина Струмица. Попчево е родното село на познатиот комита, Ристоман Попчевски, кој во 1904 година кренал во воздух 2-3 вагона на пругата помеѓу Удово и Гевгелија. Во близина на селото се наоѓа познатиот туристички комплекс „Цареви Кули“, кој се состои од ресторан со мала зоолошка градина и неколку соби за сместување, а во близина е и тврдината „Цареви Кули“. На тој начин ова село има голем потенцијал за рурален туризам, наоѓајќи се меѓу тврдината „Цареви Кули“ и вештачкото езеро „Водоча“.



## ВОДОЧА

Од Попчево води земјен пат во должина од околу 4 км, покрај браната „Водоча“ кон селото Водоча. Патеката е добра за сите кои сакаат пешачење низ ридови. Движењето може да се продолжи по планината Еленица по земјен пат кон Вељуса, но има и асфалтен пат во должина од 5 км кон селото Вељуса.

Вељуса се наоѓа во подножјето на планината Еленица, на надморска височина од 330 до 360 метри, на 10 км северно од Струмица. Селото има долговековна историја, а неговото прво име било Палеокастро. Тоа име се задржало се до изградбата на манастирот „Св. Богородица Милостива (Елеуса)“, кој е подигнат во 1080 година. Според грчкиот збор „Елеуса“ и селото го добило името Вељуса. Селото и манастирот се спомнуваат и во документите на византискиот цар, Алексиј I Комнен во 1106 година, на српскиот цар Душан во 1346 година, а и во турските пописни “дефтери” од 1519 и 1570 година. Селото во минатото имало 12 воденици, грнчарски фурни во кои се печеле глинени садови изработени од грнчарите во селото, а имало и бочвари кои правеле буриња и корита и се плетеле кошници. Вељуса е едно од најпознатите села по производство на тутун. И денес на старите чардаци од неколкуте зачувани традиционални куќи со рурална архитектура може да се забележи како се сушат ченгели со тутун.



## ВЕЉУСА

Манастирот „Св.Богородица Милостива“ е изграден во 1080 од страна на монахот Мануил, но и денес ја има зачувано својата изворна архитектура, подниот мозаик и делови од мермерниот иконостас. Манастирот во Вељуса е познат по уникатна фреска на Исус Христос Емануел, како дете на 12 годишна возраст, кога за прв пат проповедал во храмот во Ерусалим. Манастирот е познат истотака и по крстот плетенка, наречен Вељушкиот крст кој е симбол на Македонската православна црква. Крстот може да се види на надворешната фасада на манастирот.

Од селото Вељуса се стига преку 14 км асфалтен пат до селото Требичино, притоа минувајќи ги селата Ангелци и Градашорци. Првиот дел од патот до Ангелци е широк и рамнински, а додека последните 5 км од патот до Требичино е ридест и тесен.



## ТРЕБИЧИНО

Требичино се наоѓа на североисточните падини на планината Еленица на надморска височина од 520 метри. Селото припаѓа на Општина Василево, а е оддалечено 14 км од Струмица. За настанувањето на името на селото постојат неколку легенди. Едната легенда, за името на селото вели за да опстои селото било заорано земјиштето од три бикчиња и според тоа, од двата збора „три“ и „бикчиња“ настанало денешното име. Селото е познато по црквата посветена на Св.Петка, односно на Св. Параскева. Таа е изградена во 1875 година, од страна на познатиот градител, Григориј Петров од с. Тресонче, Дебарско. Црквата има вреден фрескоживопис и претставува предмет на интерес на многу историчари на уметноста. За време на верскиот празник „Св.Петка“, селото е преполно со посетители. Обичај за празникот е да се плете венец.

**Сместувачки капацитети:**
- Комплекс Цареви Кули – Попчево

**Културен календар:**
- Селска слава во Попчево е на 2 август, за празникот „Св.Илија“
- Празник Мала Богородица во Вељуса на 21 септември
- Селска слава во Требичино на 27 октомври за празникот „Св.Петка“

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

**ПРОЕКТНИ ПАРТНЕРИ**

PROMOIDEA
CENTER FOR DEVELOPMENT AND PROMOTION

**Здружение Центар за развој и промоција „Промо Идеа“ - Струмица**

ул. „Братство единство“ бр. 8-13
2400 Струмица, Република Македонија
Тел: +389 34 612 697
contact@promoidea.org.mk • www.promoidea.org.mk

ASSOCIATION SAVREMIE
www.savremie.org

**Здружение „Савремие“ - Сандански**

ул. „Кирил и Методиј“ бр. 5
2800 Благоевград, Република Бугарија
Тел: +359 876882050
savremie@yahoo.com

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Здружение Центар за развој и промоција „Промо Идеа“ - Струмица и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

RURAL
REVIVAL

PROJECT:
**Raising the competiti veness of regional tourism by supporting the development of rural and cultural tourism in the cross-border area of Bulgaria and Macedonia**

**RURAL REVIVAL**

ROUTE

## POPCHEVO - VODOCHA - VELJUSA - TREBICHINO

This route takes you through the most beautiful medieval monasteries in Eastern Macedonia, which will bring you closer to Byzantine times. The villages Vodocha and Veljusa with their monasteries have been attracting tourists from the country and abroad for a long time.For tourists that like religious tourism, this route is ideal.

EUROPEAN UNION

The project is co-funded by EU through the Interreg-IPA
Cross-Border Cooperation Programme Bulgaria - Macedonia Programme



## POPCHEVO

The village Popchevo is located at 500 meters altitude at the foot of the mountain Belasica, with a view of the mountains Elenica, Plavush and Gradechka. The village is located right of the regional road Strumica – Valandovo, 10 km from Strumica. In the immediate vicinity of the village, the artificial lake Vodocha is located, filled with water from Bela River. Popchevo is part of the Municipality of Strumica. Popchevo is the native village of the famous rebel, Ristoman Popchevski, who was responsible for the explosion of 2-3 wagons on the railroad between Udovo and Gevgelija, in 1904.Nearby the village is the famous tourist complex "Carevi Kuli", which consists of a restaurant with a small zoo garden and several rooms for accommodation, and the fortress "Carevi Kuli" is nearby. In this way, this village has a large potential for rural tourism, located among the fortress "Carevi Kuli" and the artificial lake "Vodocha".



## VODOCHA

There is an unpaved road from Popchevo about 4 km long, by the dam "Vodocha" towards the village Vodocha. The trail is good for all who want hiking through the hills. The movement might continue on the mountain Elenica on unpaved road towards Veljusa, but there is also an asphalt road 5 km long towards the village Veljusa.

The village Veljusa is located at the foot of the mountain Elenica, at an altitude of 330 to 360 meters, 10 km north from Strumica.The village has a many-centuries history, and its first name was Paleokastro. This name was retained until the construction of the monastery "St. Virgin Mary Merciful (Eleusa)" erected in 1080. According to the Greek word "Eleusa", the village also got the name Veljusa. The village and the monastery were mentioned in the documents of the Byzantium tzar, Aleksij I Komnen in 1106, the Serbian tzar Dushan in 1346, and in the Turkish censure "defter" from 1519 and 1570.In the past, the village had 12 watermills, pottery ovens in which clay pots were baked, made by the potters in the village, and there were coopers who made barrels and troughs and baskets were wrapped. Veljusa is one of the most popular villages known for the production of tobacco.



## VELJUSA

We continue our route from Smolare through Novo Selo, which is the residence of the municipality, towards the village Barbarevo, which is 12 km away.

The monastery "St. Virgin Mary" was built in 1080 by the monarch Manuil. Even today, on the old oriels of the few preserved traditional houses with rural architecture, one can notice hooks with tobacco being dried.Today, the monastery has preserved its original architecture, the floor mosaic and parts of the marble iconostasis. It is known for the unique fresco of Jesus Christ Emanuel, as a 12-year-old child, when for the first time he preached in the temple in Jerusalem.The monastery is known also for the cross braid, called Veljusa cross, a symbol of the Macedonian Orthodox church.The cross can be seen on the external façade of the monastery.

From the village Veljusa, there is a 14 km asphalt road to the village Trebichino, passing by the villages Angjelci and Gradashortsi. The first part of the road to Angelci is wide and flat, while the last 5 km from the road to Trebichino is hilly and narrow.



## TREBICHINO

The village Trebichino, or Tribichino, is located in the south-east valleys of the mountain Elenica at an altitude of 520 meters. The village is part of the Municipality of Vasilevo, and is 14 km away from Strumica. For the occurrence of the name several legends exist. The one legend says that in order for the village to exist, land was plowed by three smaller oxen and according to that, the two words "tri" and "bikcinja" were combined and today's name was created. The village is known for the church dedicated to St. Petka, i.e. St. Paraskeva. It was built in 1875 by the famous architect, Grigorij Petrov from v. Tresonche, Debar. The church has a valuable fresco painting and represents a subject of interest for many historians of art. During the religious holiday "St. Petka", the village is abundant with visitors. The custom for this holiday is to knit a wreath.

**Accommodation capacities:**
- Complex "Carevi Kuli" – Popchevo

**Culture calendar:**
- The village celebration in Popchevo is on 2nd of August, for the holiday "St. Iliya"
- The holiday "Mala Bogoroditsa (The Nativity of the Blessed Virgin Mary)" in Veljusa is on 21st of September
- The village celebration in Trebichino is on 27th of October for the holiday "St. Petka".

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

**PROJECT PARTNERS**

PROMOIDEA
CENTER FOR DEVELOPMENT AND PROMOTION

**Association Center for development and promotion "Promo Idea" - Strumica**

str. „Bratstvo edinstvo" no. 8-13
2400 Strumica, Republic of Macedonia
Tel: +389 34 612 697
contact@promoidea.org.mk • www.promoidea.org.mk

ASSOCIATION SAVREMIE
www.savremie.org

**Association "Savremie" - Sandanski**

str. "Cyrill and Methodius" no. 5
2800 Blagoevgrad, Republic of Bulgaria
Tel: +359 876882050
savremie@yahoo.com

This publication has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication is the sole responsibility of Association Center for development and promotion "Promo Idea" - Strumica and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.